ПРЕЗИДИУМ НА АСНОМ
№.57..од 1.XI..944 год.

ПОВЕРЕНСТВО ЗА НАРОДНО СТОПАНСТВО
И ЕКОНОМСКА ОБНОВА НА ЗЕМЈАТА
№..33..од.........1944 год.
Одел за Ек.обнова

186

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Поправка на разрушените
куќи и сообштенийа.

ДО ОБЛАСНИТЕ НОО-и
/одел за Народн.Стоп.и Ек.обнова/

СКОПЙЕ,БИТОЛА,ШТИП.

Во борбата за слободата нашиот народ претрпе големи уништаванйа и разоренйа.Найборбените македонски села и градови са разрушени,и куйките на найдобрите борци са запалени.Непрйятелот со свойот рушителен бес се послужи со сите средства за да го скрши отпорот на народот,и уништаваше се што можеше.Самиот народ,за да може да й а води борбата против окупатироте,често пати беше принуден да руши мостови, жел.линии и др.обекти,плод на неговата рака.По той начин саобштителната мрежа и наполно разнебитена и онеспособена за употреба.Борбата е веке кон свойот край.Много села и градови са ослободени и близу е денот на ослободуенйе на цела Македонийа.Народната власт,израснала во борлата и организирана од самиот народ,требе да земе брзи мерки за обновата и поправката на нужните обекти на ослободената територийа.Требе да се поправат многу патишта,мостови,жел.линии,школи,йавни згради,жилишта и др.,за да се оспособи слободната територийа за живот.И све това во што поскоро време.У толку повеке,што се ближи зимата и возможноста за извршуенйе на грагйевински работи се намалуе.А народната власт не смее да позволи нито еден през зимата да остане без пoслон.Исто така,и од ~~ни~~ воени и од стопански причини,не смее да се позволи цели краишта да бидат откинати и оставени без врски.Затова се налага зиманйето на брзи мерки од страна на НОО-и:

I.-ЗА УРЕДУВАНЙЕ НА СООБШТЕНИЙАТА.

Обштинскет и селски НОО-и требе патиштата,мостовите,кои са му необходими во нивниот реон,со свои сили да ги оспособат за нормална употреба.

По важните патишта,мостови,жел.линии и др.обекти ке се поправата под раководство на Сообракйайните офицери при Месните Команди, или органите на Поверенството на Сообштенийата и Градежите.НОО-и требе само да им дават полно содействие.Подробни упатствийа во врска со поправката и одржуванйето на патиштата,мостовете,лини и др.дадени са од страна на Инж.отсек при Гл.Штаб на НОВ и ПО на Македонийа и испратени до Сообракйайните офицери при Месните Команди.

НОО-и требе да се придружават на нив.

Нужниот дрвен грагевински материйал ке се добива како е определено во упатствийата за горите изпратени од Поверенството за Народното Стопанство №.9/12..од 21-X.1944 год.Со ослободуванйето на градови или поголеми територии,градските или околийските НОО-и требе веднага да определат стручни комисии,кои ке испитат возможноста и организират поравката.За стореното требе веднага да го известат Поверенството за Народно Стопанство и Економска обнова.

II-ЗА ПОПРАВКА НА КУЙКИТЕ.

За уредуванйе на жилишниот проблем со оглед на това да на ослободената територийа нема достатачно гаргевински материйали,нарочно клинци и керамиди,како и стручна работна рака,обштинските и селски НОО-и требе да се погрижат привремено да го разрешат проблемот со сместуванйе на останалите без подслон,во други куйки во селото/со стесну-

ење на населението/.

Но истовремено со това, НОО-и требе да превземат сите мерки за поправка за разрушените куйки за живеење. Во сегашното време, приватната инициятива довогйа нарочно во озбир и НОО-и требе да содействуват и помагат на приватните лица ако они сами си йа извршуват поправката. Каде това не е возможно НОО-и требе сами да йа организират. Првенство имат куките на загиналите или сега кои се намират во Народноослободиталната войска.

Поправката на разрушени куйки било да йа вршат приватните лица или НОО-и, снабдуванйето со дрвен грагевински материйал ке става сходно испратените упатствийа за горите , т.е. разрешава се безплатно да се исече од найблиските државни, селски, градски и др./изузев приватни/гори, онова количество , йапии, кое ке го определи НОО-ж за секой поединен случай.

Снабдуванйето со клинци и керамиди требе да го изврши НОО како може. Доколку се нешто од той материйал навогйа во рейонот на той НОО, одборот требе да го приведе во известност, попише и направи распределителен план. Издаванйето на материйалот да става со белешка на НОО и това на найнуждайуштите се. Останалото количество да се чува.

За разрешаванйето на проблемот со работна рака НОО требе да искористат сите возможности кои им стойат на разположенйе. За тайа цел може да се искористи помошта на младежките, женските и др. организации. Нека настане утакмица во това койа организацийа дава повеќйе работни денови за поправка на порушените куки.

Со ослободуенйето на градовите , градските НОО-и требе веднага да образуват комисийа од стручни лица, кои под контрола на ~~ижи~~ прочелникот на оделот за Народно Стопанство и Економска обнова, ке го испитат положението, разгледат возможностите за поправка и превземат нужните мерки.

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Овийа упатствийа препратите ги до сите околийски, обштински, и селски НОО-и.

Сите НОО-и да испратат извештай до повисокиот НОО и Обл. НОО до Поверенството за положението во нивниот реон како и за превземените мерки во врска со обновата.

С.Ф.- С.Н.

ПРЕЗИДИУМ НА АСНОМ

СЕКРЕТАР, ПОВЕРЕНИК, ПРЕДСЕДАТЕЛ,

Б. Фротев